Božinovski
ФОНДАЦИЈА

Дејноста на Фондацијата е давање поддршка на културни и социо-културни проекти, поддршка на современата уметност и современите социо-културни практики, поттикнување и поддржување културна програма и продукција, организирање културни манифестации и поттикнување разновидни специфични форми на творештво од јавен интерес од локално и национално значење значење.

Фондацијата стимулира култура како постојан процес на динамични идеи, уметнички израз, културни практики на локално, национално и регионално ниво.

Активности и задачи:

- Поддршка на уметничка продукција.
- Поттикнување, поддршка на млади уметници.
- Поддршка на уметници во стручно усовршување во нашата држава и надвор од неа.
- Поддршка и поттикнување на културни проекти и акции за вмрежување и заедничка продукција.
- Поддршка и поттикнување на мултимедијални проекти за искуствени размени.
- Поддршка и поттикнување дијалог и оригинален израз преку уметнички алатки.
- Поврзување на познати и признати уметници со уметници кои имаат оригинален пристап и потенцијал (менторство).
- Поддршка и поттикнување на програми на претставниците на независната култура (организации, поедници и неформални групи).
- Поттикнување, организација, презентација и координација на културни, едукативни и разни други програми
- Поттикнување, поддршка и спроведување на семинари и обуки во рамките на неформалното образование
- Поттикнување на локалната заедница на активно вклучување во креирањето културно-социјални содржини на Фондацијата, како и поддршка на културно-социјални содржини кои се важни за социо-културниот развој на локалната заедница.
- Поттикнување на локаната заедница на активно вклучување во културните активности.
- Поддршка, поттикнување и спроведување програми на гостувања на домашни, регионални и интернационални уметници, културни работници, теоретичари и од сферата на културата и современите уметнички практики.
- Поттикнување и поддршка на собирање и архивирање на публикации, книги, документи од сферата на посебните дејности во културата.
- Поттикнување, поддршка и издавање периодични публикации, списанија, билтени и стручни публикации со актуелни теми за социо-културниот дискурс.
- Поттикнување, поддршка и продукција на содржини од сферата на културата како и на мултимедијални содржини поврзани со интернет издаваштвото.

- Поттикнување, поддршка и издавање на носачи на звук, видео записи, ЦД ромови и основни промотивни материјали согласно целите и дејностите.
- Поддршка на програми и проекти кои придонесуваат за промоција и зачувување на вредностите на културното наследство.
- Поттикнување и поддршка на следните дејности: изведувачки уметности, визуелни уметности, дискурзивни програми, книжевни уметнички практики, едукативни програми и помошни дејности во изведувачките уметности и уметничкото творештво.

Фондацијата горенаведените активности ќе ги реализира преку користење на различни модерни и актуелни акции, конвенционални и иновативни алатки и методи.